РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА УРОЛОГИЈАТА**

# ***ПОСТОПЕРАТИВНА НЕГА***

univerzitetni klinični center ljubljana
University Medical Centre Ljubljana

**Далиборка Веселинова**
28.09.2015 – 24.10.2015

# ВОВЕД

Како медицинска сестра на РЕ Урологија од ЈЗУ Клиничка Болница – Штип, од страна на Министерството за здравство бев испратена на стручно усовршување во Универзитетски Клинички Центар – Љубљана, Словенија во периодот од 28.09.2015 – 24.10.2015



Универзитетскиот Клинички Центар – Љубљана претставува јавна здравствена установа со 7000 вработени и над 2000 болнички легла и се смета за најголема здравствена установа во Словенија и една од најголемите во Средна Европа.

Одделот Урологија располага со над 80 болнички легла, 28 доктори специјалисти уролози, 40 медицински сестри од кои 15 дипломирани. Таму се запознав со работните услови и работните методи во нивното одделение.

Во склоп на одделот има Поликлиника (каде што е првиот прием на пациентот, неговиот преглед и извршување на мали интервенции), оддел за цистоскопија, повеќе оперативни сали и посебен оддел за болнички престој и постоперативна нега и оддел за интензивна нега во склоп на урологијата.

Првата недела од едукацијата бев на одделот за Интензивна нега кој е во склоп на уролошкото одделение. Таму се запознав со работата и учевствував во постоперативната нега на болниот.



Интензивна нега



Прибор за утринска тоалета

Втората недела бев распоредена на Поликлиника и присуствував на повеќе мали интервенции како што се:

- катетеризација
- биопсија на простата
- фимоза
- цистоскопија



Сет за катетеризација



Метода за биопсија на простата



Сет за цистоскопија на неподвижни пациенти





Оддел за цистоскопија

Во останатиот период од едукацијата присуствував на:
**ESWL** - **E**xtracorporeal **S**hock **W**ave **L**ithotripsy (екстракорпорално, ласерско кршење на камен во бубрег).



Присуствував на **IVU** – интравенска урографија и аплицирав контраст.






Присуствував на **TUR** – трансуретрална ресекција на тумор на бешика. Тоа претставува процедура која се изведува во операциона сала, при што со посебна апаратура се прави ресекција на туморот преку уретрата. По извршената интервенција пациентот се носи во одделот за интензивна нега каде следи посебна нега со метода на испирање на бешика.





После извршените оперативни зафати пациентите со потешки операции се носат во оделот на интензивна нега и реанимација кој располага со најсовремена опрема и останува додека не се подобри состојбата на пациентот и потоа се префрла во соба за болнички пресој.

Медицинската сестра ја изведува постоперативната нега која се состои од давање на потребната терапија на болниот, следење на виталните знаци и се грижи за утринската тоалета и состојбата на пациентот.

Болницата располага со многу современа апаратура која ја нема во нашата болница, а посебно ми се допадна тоа што имаат големи количини на потрошен материјал кој е стерилен и се користи за еднократна употреба. Со тоа се постигнуваат соодветни услови за грижа и заштита на пациентот.

Болницата поседува “Симулациски Центар” во кој секојдневно има предавања и се врши обука на разни процедури и интервенции наменета за медицински персонал и доктори.




klinični center ljubljana
8
7
6
5
4
3
2
1
P
K
2
1
P


univerzitetni klinični center ljubljan
Ni vhoda
VHOD


C bronhoskopije, spirometrije

Голема благодарност до

Менаџерскиот тим на Клинички Центар Штип и

Министерството за здравство на РМ

***Ви благодарам на вниманието…***